Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 31/20 и 16/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 јули 2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за утврдување на категорија на угостителски објект**

1. Со оваа решение се утврдува дека угостителскиот објект **ХОТЕЛ КУМАНОВО СПА** со седиште на ул.600 бр.4/Б Куманово, ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, со период на важност од три години сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.
3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија.

**Образложение**

ДПГТУ ПРЕМИУМ МИНЕРАЛИ ДООЕЛ Куманово, со седиште на ул. 600 бр.4/А Проевце - Куманово, поднесе барање бр. УПI-13-316 од 23.7.2024 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект ХОТЕЛ КУМАНОВО СПА со седиште на ул.600 бр.4/Б Проевце – Куманово, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди.
Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УПI-13-316 од 25.7.2024 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди, пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/06, 87/12 и 41/13).
Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20 и 16/25), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.
Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

**Претседател на Владата на Република Северна Македонија**

**Проф. д-р Христијан Мицкоски**

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 09.07.2025 13:05 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0e5174e4-7964-47b6-8278-bed158e6364d&docSharePointURL=/materijali/2024/638730512750580420/Documents/act.docx&materialId=181a4e40-3a3a-4bc2-b212-2d4e6c85316b** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2025.07.10 16:39:13 +02:00

Подготвил: Далибор Станојковски, 09.07.2025
Проверил: Никола Пасков, 09.07.2025
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 09.07.2025
Согласен: Зоран Брњарчевски, 09.07.2025

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.07.10 14:28:42 +02:00


| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 09.07.2025 13:05 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=0e5174e4-7964-47b6-8278-bed158e6364d&docSharePointURL=/materijali/2024/638730512750580420/Documents/act.docx&materialId=181a4e40-3a3a-4bc2-b212-2d4e6c85316b** |

*Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.*